# Гина,Гина лична Гина




Има едно згодно моме во нашето мало место
едно моме многу лично многу лично симпатично

Гина, Гина, лична Гина  Гина, Гина, убавица
Гина, Гина, опа Гина Гина, Гина, убавица

Снага има како вила, коса долга копринена
очи црни черешови ,веѓи морски пијавици

рефрен

Лице бело ко симитче, устето и ко кутивче
заби бели бисерови, штом се смеје сонце греје

рефрен

Кога дојде низ чаршија, старо младо се свртува
да ја види лична Гина, наша Гина убавица.

рефрен